Архивски број: 08-449/7
Датум: 15-07-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 449/1 од 11.6.2024 година, поднесена од против Здружение ...а и Самостоен синдикат , за заштита од дискриминација врз основа националност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА и ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на националност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на Здружение и Самостоен синдикат кон

**Образложение**

На 11.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на и против Здружение и Самостоен синдикат за заштита од дискриминација врз основа на националност во областа на јавно информирање и медиуми.

Подносителот во претставката реферира заедничко соопштение на Здружение и Самостоен синдикат , кое било објавено на нивните веб страници, со наслов *„Онлајн малтретирањето и заканите кон и други новинарки се неприфатливи“.* Тој тврди дека посочените, со конкретната објава го нападнале, наведувајќи дека тој, преку објава на дел од интервјуто на предизвикал поттикнување на говор на омраза и закани кои можеле да доведат до насилство кон новинарката. **Подносителот наведува дека таквите изнесувања се субјективни и тенденциозни, воедно невистинити тврдења против него, со кои се врши клевета кон него и се нанесува штета на неговите чест и углед.** Воедно, подносителот истакнува дека се почувствувал деградирано и дискриминирано, поради заземениот „заштитнички однос“ на посочените кон друга страна, тој бил посочен како „тв водител на вечерна емисија“, и покрај тоа што е вработен новинар во ТВ Со **таквиот однос тврди дека се прави обид да се девалоризираат неговите права, не само како граѓанин, туку особено оние кои ги има како новинар, особено слободата**

**на мисла и јавно изразување на истата.** Според подносителот Здружение и Самостоен синдикат не се меродавни тела кои оценуваат кој е новинар, имајќи предвид дека за новинарската професија не е неопходно завршување на специфичен факултет. Наведува дека и голем дел од членовите на здружението/синдикатот немаат формало образование, а непречено ја извршуваат новинарската работа.

Во продолжение на претставката подносителот дава контекстуализација на **тврдењата за дискриминација по основ на националност:**

*„Сметам дека постои и дискриминација по основ националност, имајќи предвид дека овој ниven гест, кој може да се разбере и како притисок со цитирањето на законски одредби кои повлекуваат и кривични пријави, па и затворски казни, доаѓа откако на мојот фејсбук профил објавив 8 секунди од почетокот на интервјуто на објавено на ТВ и на јутјуб каналот на ТВ Видео материјалот содржи благодарност од новинарката кон гостинот за одвоеното време за* ***тв 24, овде во Скопје, Северна Македонија****".*

Поаѓајќи од тоа дека приватните медиуми не се обврзани на употреба на новото уставно име, подносителот поставил прашање: **„Добро, зошто?"**. Потенцира дека при тоа не дискриминирал, навредувал, ниту повикал на истото, туку единствено поставил прашање, кое впрочем може секој да го постави, особено новинарите. Поради тоа, ставот на подносителот е дека **рекацијата на и била насочена токму против неговото право на национален идентитет – Македонец од Република Македонија.** Истакнува дека во конкретната објава тој не го оспорил правото на да се идентификува онака како што се чувствува, единствено поставил прашање кое му се наметнало во врска со ненужната употреба на новото име на државата од страна на медиум во приватна сопственост.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 18.6.2024 година испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08 - 449/2 до Здружение и Барање за произнесување по претставката со бр. 08 – 449/3 до Самостоен синдикат .

На 26.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на Здружение . Со истиот најпрво се осврнуваат на тврдењето на подносителот според кое со преземените дејствија предизвикале штета на неговата чест и углед, односно сториле клевета. Во однос на овој дел ја оспоруваат надлежност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да постапува во областа на навреда и клевета. Дополнително, се тврди дека кај овие наводи не постои дискриминациска основа. Во однос на тврдењата на подносителот што се

однесуваат на деградирање и дискриминација кон него како новинар, во поднесокот се појаснува семантиката на терминот водител. За посочениот како дискриминатор е нејасно како користењето на терминот „водител“ може за подносителот да предизвика деградирачки и дискриминирачки однос во врска со неговите права. Во продолжение на поднесокот се дава следното образложение: *„Водител, не секогаш се врзува со професионалната определба на водителот. Постојат различни радио, телевизиски и интернет медиуми во кои водителот не е и новинар. Не секогаш водителите на вести се и новинари по професија (дали вработени како новинари или како слободна професија). Па така различни комичари, готвачи, новинари и останати професии можат да бидат водители. На пример, во англискиот јазик се користат термините anchorman, tv presenter, tv host, talk show, бидејќи подробно опишува што точно работи, односно во конкретниот случај дека тоа е лице кое што води одредена телевизиска програма. Така да, неосновано е термин кој што постои во речник чија цел е да даде опис на работна позиција и функција да претставува деградирачки или дискриминирачки однос во однос на остварување на неговите права како правото на слободна мисла, став и јавно изразување. Ваквите права воопшто не се врзни за одредена професија, туку овие се универзални човекови слободи и права содржани во Универзалната декларација за човекови слободи и права, Европската конвенција за човекови права и Уставот на Република Северна Македонија. Следствено, илузорно е да се мисли дека со тоа што наведеле „тв водител на вечерна емисија“ имале деградирачки и дискриминирачки однос кон подносителот.“*

Во однос на тврдењата од претставката за дискриминација по основ на националност се истакнува дека за нив како здружение ирелевантно е каква национална припадност чувствува подносителот. За потврда на истото, се појаснува дека нивната реакција не била поради националната припадност, туку *„поради фактот што е дозволено од страна на подносителот да се напаѓа страна на неговите следбеници, а притоа подносителот да не реагира соодветно со отстранување на оние коментари кои што ја вознемируваат, омаловажуваат, напаѓаат и закануваат само поради тоа што истата го користела уставното име на државата.“* Според нив, не може да претставува дискриминација по однос на национална припадност, бидејќи реакцијата не се однесувала на видеото, туку на модерирањето на содржината под коментарите. Тврдат дека тоа е и причина поради која подносителот не навел точно со кои дејствија е извшена дискриминација по основ на националност, како и причината поради која не навел докази за таквите тврдења.

Во однос на јавната реакција на здружението, појаснуваат дека согласно статутот имаат обврска да застанат во заштита на новинарите и медиумските работници, каков што бил и конкретниот случај на споменатата новинарка. Од тие причини поднеле пријава до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР, а во однос на коментарите под објавата на истата работа известуваат дека следеле реакции во одбрана на интегритетот и безбедноста на новинарката и од Советот на Европа, Регионалната мрежа на Западен Балкан SafeJournalists, Мрежата

за брза реакција на слободата на медиумите MFRR и Европската Федерација на новинари ЕФН.

Од изнесеното во поднесокот за произнесување според произлегува дека претставката е неоснована и не постои дискриминација по ниту еден основ и поради тоа предлагаат Комисијата да донесе Мислење со кое ќе констатира дека не е сторена дискриминација.

На 28.6.2024 година Здружението до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави поднесок за дополнување на поднесокот за произнесување. Со истиот беа доставени прилози од реакциите споменати во поднесокот за произнесување.

На 1.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на Самостоен синдикат о бр. 08 – 449/6. Со поднесокот најпрво се оспорува надлежноста на Комисијата да постапува по наводите кои се однесуваат на наводно сторена клевета. Во врска со наводите за деградирачки и дискриминирачки однос во однос на неговите права како новинар, истакнуваат дека таквите наводи се неосновани, од причина што во конкретното соопштение никаде не навеле дека тој не е новинар. Напротив, во соопштението било наведено дека тв водител, затоа што токму таа позиција ја извршувал. Воедно, со тоа што го условиле со тв водител, според нив не значи дека тој не е новинар, ниту дека тоа го мислеле со соопштението. Поради тоа тврдат дека со конкретното условување, подносителот не би можел да биде деградиран и дискриминиран. За тврдењата кои се однесуваат на дискриминација врз основа на националност, појаснуваат дека ништо од содржината на соопштението не се поврзува со националната припадност на Поради тоа тврдат дека не било возможно да се изврши дискриминација врз основа на националност. За реакцијата содржана во соопштението објавено од страна на и појаснуваат дека истата е резултат на обврска која произлегува од статутите на двете организации. Поточно, обврска да укажат на негативните појави во општеството поврзани со слободата на говорот, како и да ги заштитат своите членови од евентуални напади поврзани со нивната работа.

Наводите содржани во претставката и поднесоците за произнесување по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги разгледуваше од две перспективи, и тоа:

- наводи кои се однесуваат на вознемирување, со условување на подносителот на претставката како „тв водител“ и
- наводи кои се однесуваат на дискриминација врз основа на национална припадност.

Се напоменува дека Комисијата не ги разгледуваше наводите што се однесуваат на евентуални повреди на честа и угледот, односно клевета,. Тоа од причина што овие наводи не се од областа на дискриминација и оттука наведниот проблем спаѓа надвор од надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Доколку подносителот на оваа претставка смета дека е нанесена штета на неговите чест и углед, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета може да иницира судска постапка пред надлежен граѓански суд.

Во однос на дејствијата наведени во претставката кои се однесуваат на вознемирување на подносителот, Комисијата нотира дека истите во контекстот на случајот не може да се сметаат за вознемирување во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. За да постои вознемирување, дејствијата на несаканото постапување кое имало за цел или последица повреда на достоинството на подносителот треба да се поврзани со негова заштитна карактеристика односно дискриминациска основа. Во таа смисла заштнитни карактеристики согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација се раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа. Фактот што во соопштението на и подносителот бил условен со „тв водител", не може да се цени како дејствие кое имало за цел или последица повреда на неговото достоинство заради некоја негова заштитна карактеристика, ниту поради националната припадност. Според сознанијата на Комисијата, подносителот е водител на телевизиско шоу – Оттука, не може да се смета за понижувачко, непријателско, заканувачко или застрашувачко однесување, именувањето на подносителот на претставката како тв водител. Поради наведените причини Комисијата констатира дека не е исполнета законската дефиниција за **вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Од друга страна, за да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на претпоставените дискриминатори, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно **од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за**

разлика од другите. Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета. Од фактите на конкретниот случај воопшто не може да се увиди таргетирање на националната припадност на подносителот. Подносителот иако навел, не ја докажал поврзаноста помеѓу неговата национална припадност и содржината на соопштението, односно реакцијата на посочените како дискриминатори. Напротив, реакцијата се однесува на модерирањето на неговиот профил на социјалната мрежа Facebook и истото не може да се смета за повреда на право на подносителот или нанесување на штета кон него.

При така констатирана состојба, **во недостаток на повреда на право врз дискриминаторска основа не може да стане збор за дискриминација.** Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на јавното информирање и медиумите, врз основа на националност и вознемирување од страна на Здружение и Самостоен синдикат

кон

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

-
- Здружение
- Самостоен синдикат

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk